**PENTOKSIFILIN / ПЕНТОКСИФИЛИН**
**(pentoxifylline)** обложени таблети од 400 mg

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
• *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно*
• *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт*
• *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите*

*Активна супстанца* во ПЕНТОКСИФИЛИН обложените таблети е пентоксифилин.
Една обложена таблета содржи 400 mg пентоксифилин.

*Помошни супстанци*: хидроксиетилцелулоза, коповидон, талк, магнезиум стеарат, сахароза, титан диоксид, макрогол 6000, акација, боја розова 85 Е122.

*Пакувања:*

Кутија со 20 обложени таблети од 400 mg ( 2 блистера )

*Број и датум на решението за промет*

**Име и адреса на производителот и носител на одобрение за ставање во промет:**

АД ЈАКА 80 Радовиш
Производна локација:"Првомајска б.б."-Скопје
Република Македонија

1. **Што претставува лекот ПЕНТОКСИФИЛИН и за што се употребува**
ПЕНТОКСИФИЛИН е метилксантински дериват. Тој го подобрува протокот на крвта низ крвните садови при заболувања на крвните садови на периферијата и во централниот нервен систем. Со ова се подобрува снабденоста на ткивата со кислород при патолошки состојби кои се карактеризираат со намалена циркулација на крвта.

ПЕНТОКСИФИЛИН се употребува за:
- пореметување на периферната артериска циркулација и микроциркулација поради атеросклероза, дијабет - claudicatio intermitens, angiopatia diabetica, endangitis obliterans;
- дистрофични пореметувања (посттромботичен синдром, гангрена, промрзлини, ulcus cruris);
- ангионевропатии (поретко);
- намалување на субјективните симптоми при мозочните пореметувања во циркулацијата исхемични напади, последици на мозочната тромбоза, хронична церебрална инсуфициенција, како и при пореметувањата на циркулацијата на очите ( акутни и хронични состојби на недоволна циркулација во мрежницата);
- нарушување на циркулацијата во внатрешното уво.

**2. Што треба да знаете пред да го земете лекот ПЕНТОКСИФИЛИН**

**Немојте да го земате лекот ПЕНТОКСИФИЛИН**:
- ако сте алергични на пентоксифилин или на други лекови кои припаѓаат на ксантинската група како: теофилинот, кофеинот, аминофилинот и теоброминот; или на некоја од помошните супстанци наведени во ова упатство,
- ако имате неодамна прележан инфаркт на миокардот;
- ако имате потешки облици на крварења;
- ако имате порфирија.

**Бидете посебно внимателни со лекот ПЕНТОКСИФИЛИН**:
- ако имате низок или нестабилен крвен притисок,
- ако имате срцева слабост,
- ако имате оштетување на црниот дроб,
- ако имате оштетување на бубрезите,
- ако земате некој други лекови погледнете во делот **Земање на други лекови**.

Ве молиме да се посоветувате со доктор и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас било кога во минатото.

**Земање на лекот со храна или со пијалок**
Обложените таблети се земаат по јадење.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
ПЕНТОКСИФИЛИН може да предизвика намален крвен притисок и вртоглавица. Во овие случаи не е препорачливо возење на автомобили или ракување со машини.

**Земање на други лекови (на што треба да се внимава ако употребувате други лекови)**
*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние препарати кои што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*

Особено е важно ако истовремено земате:
- циметидин,
- теофилин,
- варфарин,
- антихипертензивните лекови,
- антикоагулантни лекови.

**3. Како да се зема лекот**
*Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со доктор.*

Лекот се дозира во зависност од заболувањето.
Во почетокот на лекувањето се препорачува 3 пати на ден по 1 обложена таблета од 400 mg. Дневни дози поголеми од 1200 mg немаат дополнителна тераписка вредност. Откако состојбата на болниот ќе се подобри, дозата се намалува на 2 пати на ден по 1 обложена таблета од 400 mg.
При поблаги облици на заболувања, доволна е дневна доза од 2 обложени таблети од 400 mg од почетокот на третманот.
Терапискиот ефект може да се очекува по 2-4 недели од почетокот на третманот, во одделни случаи лекувањето мора да трае до 8 недели.

*Дозирање при бубрежна инсуфициенција:*
Во случај на клиренс на креатинин под 10 ml/min.(0,16 ml/s) се администрира 50-70 % од вообичаената доза.
Кај пациенти на хемодијализа се препорачува да се започне со дневна доза од 400 mg, која може постепено да се зголемува (во интервали не помали од 4 дена) до вообичаената дневна доза.

*Следете ги инструкциите освен ако Вашиот доктор не ви препорачал поинаку.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

*Не заборавајте да го земете лекот.*

*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба (предозирање):**
*Ако сте земале/употребиле поголема доза од лекот отколку што треба веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го земете лекот ПЕНТОКСИФИЛИН:**
*Земете ја пропуштената доза колку што е можно побрзо.*
*Ако е речиси дојдено времето за земање на следната доза, почекајте додека да дојде времето за истата и земете ја, а прескокнете ја пропуштената доза.*
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза*

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, ПЕНТОКСИФИЛИН може да има несакани дејства.*

*Ако се случи било што од долунаведеното, веднаш престанете со земањето на лекот и за истото веднаш известете го Вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- Отекување на лице, усни или грло што може да предизвика тешкотии при голтањето или дишењето;
- исип/ егзантема, уртикарија.

Сите овие се многу сериозни несакани дејства. Во таков случај Ви е потребна итна медицинска помош или хоспитализација.

Сите овие многу сериозни несакани дејства се многу ретки.

*Ако забележите некои од следниве симптоми, веднаш известете го вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- треперење на некоја група мускули,
- црвенило на лицето,
- срцебиење,
- намален крвен притисок.

Сите овие се сериозни несакани дејства, за кои е потребна итна медицинска помош.

Сериозните несакани дејства се ретки.

*Известете го Вашиот доктор ако забележите:*

- мачнина,



- гадење,
- повраќање,
- вртоглавица,
- главоболка.

Сите овие се слаби несакани дејства.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

**5. Чување на лекот**

**Да се чува на температура до 25° C, заштитено од светлина.**
**ЛЕКОТ ЧУВАЈТЕ ГО НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата и на блистерот.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава само со рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено на* _______________

Скопје, декември, 2011 г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ